**Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на 31 декември, 2025**

**и**

**Извештај на независниот ревизор**

**Содржина**


| | **страна** |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Извештај за приходи и расходи | 3 |
| Извештај за финансиска позиција | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 – 18 |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје**

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје (во натамошниот текст: "Коалиција",) кои се состојат од извештај за финансиската позиција на 31 декември, 2025 година и извештај за приходите и расходите за годината што тогаш завршува, и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки информации.

*Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорите*
Наша одговорност е да дадеме миислење за овие финансиски извештаи врз основ на нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со објавените македонски Меѓународни стандарди за ревизија и македонскиот Закон за ревизија.Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и спроведеме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумна сигурност за тоа дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанати како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Коалицијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не со цел за изразување мислење за ефективноста на интерната контрола на Коалицијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и наразумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**До раководството на**
**Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје**
**(Продолжение)**

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската позиција на Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје на 31 декември, 2025 година, како и финансискиот резултат за годината што тогаш завршува, во согласност со македонската сметководствената регулатива што се применува, Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за непрофитни организации.

*Обрнување на внимание*
Коалицијата ги води и подготвува своите финансиски извештаи врз основ на модифицирано евидентирање на деловните промени и трансакции, во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 24/03 со пратечките измени) и Правилникот за не-профитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр.42/03 со пратечките измени.) Според одредбите на овој Закон, Коалицијата е обврзана да подготви и поднесе основни финансиски извештаи, што се состојат од Извештај за финансиска позиција, Извештај за приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи. Согласно наведеното, Коалицијата нема обврска да подготвува Извештај за готовинските текови.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, Управител

**Соња Чулева**, Овластен ревизор

Sonja Chuleva
Digitally signed by Sonja Chuleva
Date: 2026.04.06 14:48:18 +02'00'

Скопје, 26 март, 2026 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември, 2025**
**(Во Денари)**

| | Белешка | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од донации (Проекти 1.1) | 4 | 3,922,281 | 13,396,455 |
| Сопствени приходи | 5 | 1,117,300 | 520,821 |
| Останати приходи | 5 | 712 | 282 |
| Финансиски приходи | 9 | 14,248 | 14,431 |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од расходи од предходна година | 5 | 6,751,535 | 1,416,484 |
| | | **11,806,076** | **15,348,473** |
| **Трошоци** | | | |
| Трошоци за вработените (ангажирани експерти) | 6 | (7,059,164) | (6,683,454) |
| Оперативни трошоци | 7 | (3,898,431) | (1,878,449) |
| Капитални расходи | 8 | (1,668) | (13,020) |
| Финансиски (расходи) | 9 | (23,304) | (22,015) |
| | | **(10,982,567)** | **(8,596,938)** |
| **Остварени приходи над расходи за годината** | | **823,509** | **6,751,535** |
| **Данок на сопствени приходи** | | **(1,173)** | **-** |
| **Остварени приходи над расходи за пренос во наредна година** | | **822,336** | **6,751,535** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Коалицијата на 16 март, 2026 година

Директор,
**Дарко Аврамовски**

Овластен сметководител,
**Наташа Грозданов**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЗИЦИЈА**
**На 31 декември, 2025**
**(Во Денари)**

| | Белешка | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства-нето | 10 | **2,818** | **59,119** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 11 | 825,848 | 6,754,212 |
| Оперативен резервен фонд (ОРФ) | 12 | 185 | 305 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 13 | 10,682 | 31,657 |
| **Вкупно тековни средства** | | **836,715** | **6,786,174** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **839,533** | **6,845,293** |
| **ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Фондови** | | | |
| Деловен фонд | 14 | 2,818 | 59,119 |
| **Вкупно фондови** | | **2,818** | **59,119** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 15 | 10,682 | 31,657 |
| Останати обврски и ПВР | 16 | 2,524 | 2,982 |
| Обврска за данок на сопствени приходи | 16 | 1,173 | - |
| Обврска за пренос на добивка во наредна година | 15 | 822,336 | 6,751,535 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **836,715** | **6,786,174** |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | **839,533** | **6,845,293** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Коалицијата на 16 март, 2026 година

Директор,
**Дарко Аврамовски**

Овластен сметководител,
**Наташа Грозданов**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Коалиција на здруженија на граѓани СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје (“Коалиција”) е основана како непрофитна организација на 12 мај 2003 година и е регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, односно во Регистерот на здруженија и фондации под ЕМБС број: 5782180.

***Седиште***
ул.Македонија бр.11-2/10 Центар, Скопје

***Директор***
Дарко Аврамовски

***Основачи***
1. Граѓанска асоцијација МОСТ-Скопје
2. Македонски правен ресурсен центар-Скопје
3. Здружение за заштита на правата на детето-Скопје
4. ПДАС Меѓаши-Скопје
5. Младински образовен форум-Скопје
6. Хелсиншки комитет за човекови права-Скопје
7. АСВИН-Скопје
8. Р.О.З.П.Р – Скопје
9. Граѓански патеки – Битола
10. Асоцијација за демократска иницијатива-Гостивар
11. Фемина-Куманово
12. ФПР АРКА Куманово
13. ЦДР-Тетово
14. Граѓански информативен центар Спектар-Штип
15. Совет за превентива против малолетничка деликвенција-Кавадарци
16. ПХУРТ-Делчево
17. Здружение за правата на Ромите-Штип
18. ФОКУС-Ресен

***Управен одбор***
Лазар Нанев
Вулнет Зенки
Ардита Абази Имери
Петар Барлаковски
Мартин Тасевски

***Надзорен одбор***
Давид Тасевски
Димитар Низамовски до 20.03.2024
Ирена Велковска до 20.03.2024
Ангела Делевска од 21.03.2024
Матеа Несторова од 21.03.2024

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

***Организации членки***

1. Здружение за правата на детето - Скопје
2. Младински образовен форум - Скопје
3. Мултикултура - Тетово
4. Македонско здружение на млади правници - Скопје
5. Институт за европски политики - Скопје
6. Прва детска амбасада во светот Меѓаши - Скопје
7. Асоцијација за демократска иницијатива - Скопје
8. Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР ЦЕНТАР - Скопје
9. Совет за превентива против малолетничка деликвенција - Кавадарци
10. Младински културен центар - Битола
11. Хуманитарно добротворно здружение на Ромите – МЕСЕЧИНА - Гостивар
12. Здружение за правата на Ромите - Штип

***Приоритетна дејниост***

94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

***Приоритетни цели на Коалицијата***

- Главни приоритети и цели на Коалицијата се:
- Да го зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови
- Да ја воспостави јавната доверба во правниот систем и судството воопшто
- Да ги идентификува наследените проблеми во судскиот систем и да укажува на потребата за правна и институционална реформа
- Да ја запознава јавноста со стандардите за правично судење и да ја засили довербата на граѓаните во функционирањето на судскиот систем
- Да ги намали можностите за несоодветен третман на страните во спорот од судиите и другите учесници во постапката и да обезбеди еднаков пристап до правдата.

***Тим на извршна канцеларија***

Дарко Аврамовски, Директор
Даниел Митковски, Финансиски и административен менаџер
Ивана Петковска, Програмски координатор
Лејла Тутиќ, Правен истражувач
Наташа Петровска, Проектен координатор
Осман Цека, Офицер за бесплатна правна помош
Лела Радуловиќ, Проектен асистент

На 31 декември, 2025: 1 вработен (31 декември, 2024: 1 вработен.)

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

***Изданија на Коалицијата***

- Мониторинг бриф (месечно издание)
- Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година
- Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2024 година
- Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија
- Извештај за обезбедена бесплатна правна помош на ромската заедница во Република Северна Македонија за период од август 2023- јули 2024
- Препораки за подобрување на состојбите во правосудниот систем
- Примена на мерката притвор во Република Северна Македонија- истражување за периодот од јануари 2018 година до декември 2022 година

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## *1.1 Проекти 2025/2024 година*

1. **Годишна програма за работа на Коалиција „Сите за правично судење“**
   Коалицијата „Сите за правично судење“ ја спроведе Годишната програма за работа, со финансиска поддршка од Европската комисија преку Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија. Во рамки на овој проект се реализираа повеќе активности за поддршка на евроинтегративниот процес на земјата, особено во врска со Поглавјето 23, како и за подобрување на довербата во судството во земјата. Општата цел е да се придонесе во процесот на судски реформи во однос на критериумите за пристапување поставени во Поглавјата 23 и 24 во правото на ЕУ.
   Резултати: Организирани се 3 специјализирани обуки за набљудувачи на судски постапки, обучени се 29 набљудувачи, одржани се 3 работни состаноци со релевантни засегнати страни, организирани се 3 панел дискусии со истакнати панелисти, следени се 27 седници на Судскиот совет, 25 седници на Советот на јавни обвинители, како и следени се 1100 рочишта од 275 судски предмети.
   Период на имплементација на проектот: јануари 2025 – декември 2025 година

2. **Правна помош и поддршка на Ромите во Република Северна Македонија**

   Коалицијата „Сите за правично судење“ во соработка со Институтот за истражување и анализа на политики - Ромалитико во ноември 2022 година започна со имплементација на проектот Правна помош и поддршка на Ромите во Република Северна Македонија, а во август 2023 истиот е продолжен. Овој проект требаше да се спроведува до 31 јули 2025 година, но поради повлекување на помошта од УСАИД преку која програме оваа акција беше финансирана, истиот прекина со имплементација во јануари 2025 година. Општата цел на проектот беше да придонесе кон пристапот до правда и заштитата на правата на Ромите во Република Северна Македонија, преку користење на можностите на системот на бесплатна правна помош.
   Период на имплементација на проектот: ноември 2022 – јануари 2025 година

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 2. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### *1.1 Проекти 2025/2024 година*

**3. Независност преку отчетност - следење и проверка на судската одговорност во Северна Македонија**

Во 2024 година Коалицијата Сите за правично судење со финансиска поддршка од страна на Британската амбасада во Скопје започна со имплементација на проект насочен кон анализа и истражување на постапувањето на Судскиот совет во практикувањето на своите законски надлежности и должности за водење и изрекување на дисциплински мерки на судии.
Резултати од проектот:

- Развиена методологија за следење и преглед на дисциплинските постапки спроведени од страна на Судскиот совет врз основа на меѓународни стандарди.
- Спроведен увид и анализа на сите дисциплински случаи против судии кои резултираа со санкции, водени согласно законските решенија од 2019 година, и
- Зголемена јавност, транспарентност и отчетност на Судскиот совет преку објавување на заклучоците и препораките, како и преку иницирање на стручна дебата

Период на имплементација на проектот: јули 2024 – мај 2025 година

**4. Зајакнување на правните клиники за борба против корупцијата**

Коалицијата „Сите за правично судење“ го спроведе проектот „Зајакнување на правните клиники за борба против корупцијата“, со цел да ги унапреди капацитетите на правните клиники и студентите по право за препознавање, спречување и постапување во случаи поврзани со корупција, како и да го подобри пристапот до правда за граѓаните. Проектот се надоврзува на долгогодишната работа на Коалицијата во областа на бесплатната правна помош и антикорупциските политики, и придонесува кон зајакнување на алтернативните механизми во борбата против корупцијата и нивната практична примена.
Резултати: Обучени се 20 студенти по право преку директни обуки, додека вкупно 109 студенти имаа корист од активностите преку платформата и споделените материјали. Воспоставена е функционална платформа со учество на студенти, професори и граѓански организации за редовна размена на случаи и менторство за бесплатна правна помош. Организирани беа 4 отворени денови, преку кои директно се информирани над 1.000 граѓани за бесплатната правна помош и механизмите за борба против корупцијата. Дополнително, изработени и дистрибуирани се 1.000 информативни материјали на македонски и албански јазик.
Период на имплементација на проектот: февруари 2025 – октомври 2025 година

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 2. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### *1.2 Проекти 2025/2024 година*

**5. Антикорупциска проверка на законодавството во областа на локалната самоуправа**

Во рамки на проектот „Заедници од интегритет“, имплементиран од Националниот демократски институт (НДИ) со финансиска поддршка од владите на Швајцарија и Шведска, Коалицијата Сите за правично судење беше ангажирана да спроведе активност за антикорупциска проверка на законодавството во Република Северна Македонија. Активноста беше насочена кон анализа на законодавната рамка поврзана со локалната самоуправа, преку идентификување на потенцијални корупциски ризици, правни празнини и слабости, како и предлагање мерки за нивно надминување. Проверката опфати 7 клучни закони, вклучително и законите за урбанистичко планирање, локална самоуправа, меѓуопштинска соработка, регионален развој, финансирање на општините и функционирање на Градот Скопје.

Резултати: Спроведена е сеопфатна правна анализа на релевантното законодавство со цел идентификување на ризици од корупција и формулирање препораки за нивно намалување. Зајакната е соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата и други релевантни институции, а наодите од анализата се презентирани пред засегнати страни. Активноста придонесе кон унапредување на транспарентноста, отчетноста и заштитата на јавниот интерес во функционирањето на локалната самоуправа.

Период на имплементација на проектот: април 2025 – јуни 2025 година.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основи за подготовка

Финансиските извештаи на Коалицијата се подготвени во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации, со цел да обезбедат вистинско и објективно презентирање на позициите во билансот на состојба, салдата на средства, обврски, извори на средства, приходи и расходи и резултати од оперативното работење.
Финансиските извештаи на Коалицијата се подготвени во согласност со македонската законска регулатива апликативна за работењето на непрофитните организации, Законот за сметководство на непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/03 со пратечките измени) и Правилникот за не-профитни организации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/03 со пратечките измени.)

Финансиските извештаи на Коалицијата се искажани во македонски Денари ("МКД.") Сите износи во финансиските извештаи и придружните белешки се искажани во Денари, освен доколку не е поинаку кажано.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики применети во подготовката на овие финансиски извештаи се прикажани во натамошниот текст на овој извештај. Коалицијата задолжително ги применува овие политики на конзистентна основа.

### 3.1 Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите е утврдено со член 13 од Законот за сметководство на непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија”бр. 24/03 со пратечките измени) и член 18 од Правилникот за непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија”бр.42/03 со пратечките измени) според кое признавањето на приходите и расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Тоа значи дека приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на расположивост. Приходите и расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите и расходите се расположиви кога се остварени (наплатени / платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие на побарувањата/обврските во тој пресметковен период. Признавањето се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

***Останати приходи (Приходи од давање на услуги)***
Приходот од давање на услуги се признава за време на периодот во кој корисниците платиле за добиените услуги.

### 3.2 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија, кои важат на денот на трансакцијата.
Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составување на Билансот на финансиска позиција.
Нето износот на позитивните и негативните курсни разлики се искажуваат во Извештајот за приходи и расходи во периодот кога настанале.

### 3.3 Оданочување

Во согласност со одредбите на Законот за данок на добивка, не-профитните организации се иземени од плаќање данок на приходите генерирани од добиени членарини, спонзорства и донации, кои се добиени и се наменети за остварување на однапред утврдени цели.
За годината што завршува на 31 декември 2025, тековен данок од 1% се плаќа на генерирани приходи од самостојно работење за износ над Ден 1,000,000.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.4 Опрема и софтвер

Опремата и софтверот, доколку ги има, се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност се состои од фактурна вредност големена за износот на царини, транспорт, шпедиција, осигурување и тн, односно од трошоци кои директно се однесуваат на набавната вредност на односното средство. Вредноста на средството во моментот на набавка се евидентира како трошок во Билансот на приходи и расходи (ако се купени со сопствени средства) и како зголемување на Деловниот фонд.

Материјалните и нематеријалните средства се депрецираат со праволиниски стапки, во еднакви месечни износи кои одговараат на употребниот век на користење на средството. Износот на амортизацијата за донираните средстав се евидентира преку намалување на Деловниот фонд.

Годишни стапки на депрецијација:

| | |
|---|---|
| Опрема | 10%-20% |
| Мебел | 16% |

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари во банка и пари во благајна.
Парите во благајна и парите на банкарски сметки во Денари, се водат по номинална вредност, а парите во странска валута се претвораат во денари според според курсот кој важи на денот на трансакцијата утврден од страна на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на известување.

### 3.6 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи и другите обврски се водат според нивната објективна вредност на денот на нивното иницијално признавање, а потоа се мерат според амортизираните трошоци.

### 3.7 Оперативен резервен фонд (ОРФ)

Во согласност со усвоениот Правилник за утврдување на резервен фонд и политиката за користење на резервниот фонд на Коалицијата (30 декември, 2022) Оперативниот резервен фонд се формира во Билансот на финансиска позиција од слободни приливи на средства преку целата година. Политиката за Оперативен резервен фонд (ОРФ) е применлива од 1 јануари, 2023 година.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОАНЦИИ (ПРОЕКТИ 1.1)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2025 | 2024 |
| Приходи од донации (Проекти 1.1) | 3,922,281 | 13,396,455 |
| | **3,922,281** | **13,396,455** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2025 | 2024 |
| Пренесен дел на приходи од минати години | 6,751,535 | 1,416,484 |
| Сопствени приходи | 1,117,300 | 520,821 |
| Останати приходи | 712 | 282 |
| | **7,869,547** | **1,937,587** |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ (АНГАЖИРАНИ ЕКСПЕРТИ)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2025 | 2024 |
| Бруто плати | 112,000 | 672,000 |
| Надоместоци за лица ангажирани во проекти | 6,947,164 | 6,011,454 |
| | **7,059,164** | **6,683,454** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 7. ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Канцелариски материјали | 88,335 | 133,127 |
| Енергија (струја & гориво) | 88,056 | 33,173 |
| Разни услуги од оперативно работење | 84,669 | 110,677 |
| Телефонија/поштански | 17,819 | 45,933 |
| Репрезентација | - | - |
| Пропаганда и реклама | 338,841 | 105,252 |
| Наемнина | 288,000 | 288,000 |
| Провизија за платен промет | 42,975 | 56,313 |
| Дневници за службен пат | 97,184 | 95,840 |
| Осигурување | - | 4,691 |
| Членарини | - | - |
| Интелектуални услуги | 382,866 | 420,895 |
| Пренесени средства на други субјекти | 1,830,015 | - |
| Останати оперативни расходи | 639,671 | 584,548 |
| | **3,898,431** | **1,878,449** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Набавена опрема | 1,668 | 13,020 |
| | **1,668** | **13,020** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 9. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ / (РАСХОДИ)-нето

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Приходи од камати | - | - |
| Расходи за камати | - | - |
| Приходи од курсни разлики | 14,248 | 14,431 |
| Расходи од курсни разлики | (23,304) | (22,015) |
| | **(9,056)** | **(7,584)** |

## 10. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА-нето

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Опрема | 742,171 | 740,503 |
| Канцелариски мебел | 283,579 | 283,579 |
| | **1,025,750** | **1,024,082** |
| Акумулирана амортизација | (1,022,932) | (964,963) |
| | **(1,022,932)** | **(964,963)** |
| | **2,818** | **59,119** |

## 11. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Парични средства во банки - Денари | 825,848 | 3,006,993 |
| Бизнис картичка | - | 35,745 |
| Девизна сметка | - | 3,711,474 |
| | **825,848** | **6,754,212** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 12. ОПЕРАТИВЕН РЕЗЕРВЕН ФОНД (ОРФ)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Почетно салдо на 1.1. | 305 | - |
| Прилив во резервен фонд | - | 1,498 |
| Одлив од резервен фонд (за банкарски провизии) | (120) | (1,193) |
| | **185** | **305** |

## 13. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА И АВР

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2024** | **2023** |
| Побарувања за платени даноци и придонеси | - | - |
| Други активни временски разграничувања (АВР) | 10,682 | 31,657 |
| | **10,682** | **31,657** |

## 14. ДЕЛОВЕН ФОНД - Движење (Во Денари)

| | Деловен Фонд |
|---|---|
| **На** | |
| **1 јануари, 2025** | **59,119** |
| Нови набавки | 1,668 |
| Отпис | - |
| Тековна амортизација | (57,989) |
| **На** | |
| **31 декември, 2025** | **2,818** |
| **На** | |
| **1 јануари, 2024** | **141,979** |
| Нови набавки | 13,020 |
| Отпис | (599) |
| Тековна амортизација | (95,281) |
| **На** | |
| **31 декември, 2024** | **59,119** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2025**

## 15. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Обврски кон добавувачи | 10,682 | 31,657 |
| Обврска за пренос на добивка во наредна година | 822,336 | 6,751,535 |
| | **833,018** | **6,783,192** |

## 16. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ И ПВР

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2025** | **2024** |
| Останати обврски-ДД на сопствени приходи | 1,173 | - |
| ПВР | 2,524 | 2,982 |
| | **3,697** | **2,982** |

## 17. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви употребени за деноминација на 31 декември 2025 и 2024 година се следни:

| | **31 декември, 2025** | **31 декември, 2024** |
|---|---|---|
| EUR | 61,4950 | 61,4950 |
| USD | 58,8807 | 58,8807 |